Врз основа на член 480 ст.3 од законот за трговски друштва, Надзорниот Одбор на АДИНГ АД до Собранието на акционери на АДИНГ Скопје поднесува

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА АДИНГ АД СКОПЈЕ ЗА 2016 ГОДИНА

Согласно законската регулатива на општите акти на друштвото, Надзорниот Одбор има овластувања да врши надзор врз управувањето со Друштвото.

Надзорниот Одбор во полн состав, на вонредна седница одржана на 26.04.2017 година, ја разгледа Годишната сметка на АДИНГ АД Скопје за 2016 година, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на друштвото изготвен од Управниот Одбор на АДИНГ АД Скопје, консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за работата во 2016 година на АДИНГ АД Скопје и поврзаните друштва со предлог одлука на Управниот Одбор за распределба на добивката по годишната сметка, извештајот за извршената ревизија на годишната сметка на Друштвото за 2016 година од овластениот ревизор ГРАНТ ТОРНТОН, при што констатира дека :

- Годишната сметка на АДИНГ АД Скопје за 2016 година и консолидираната годишна сметка на АДИНГ АД и поврзаните дрштва се согласно прописите на Република Македонија и Меѓународните сметководствени стандарди, што е потврдено и од Ревизорската куќа ГРАНТ ТОРНТОН.

Поради тоа Надзорниот Орган му предлага на Собранието на акционери на АДИНГ АД Скопје на годишното Собрание, Годишната сметка на АДИНГ АД Скопје за 2016 година, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на друштвото, како и консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за работата во 2016 година на АДИНГ АД Скопје и поврзаните друштва, со предложената распределба на добивката истите да ги усвои.

Надзорниот Одбор во 2016 година одржа вкупно 12 редовни седници. Присуството на седниците на Надзорниот Одбор како и на Претседателот на Управниот Одбор беше редовно.

Материјалите за разгледување на работењето на АДИНГ АД и поврзаните друштва беа остварување на плановите за: реализација на продажбата на домашен и странски пазар; остварување на производството и реализација на набавките; трошоците; пресметките; остварените добивки односно загуби и друго.

Како резултат на разгледување на материјалите добиени од Управниот Одбор за работењето на АДИНГ АД и поврзаните друштва за 2016 година донесени се голем број на заклучоци како и една одлука и тоа:

- Одлука бр.14 од 04.05.2016 година за утврдување на текстот на Наздорниот Одбор до акционерите на АДИНГ АД за работењето на Надзорниот Одбор во 2015 година.

Покрај разгледувањето на работењето на АДИНГ АД и поврзаните друштва преку материјалите добиени од Управниот Одбор, Надзорниот Одбор беше информиран од страна на Претседателот на Управниот Одбор за:

- Наплатата на побарувањата од: Македонија,Србија, Хрватска, Казакстан, Иран и други фирми;
- Прославата на 47 години АДИНГ АД;
- Реновирање на: просториите во погонот за запаливи производи и во магацинот за запаливи материјали, лабараторијата за епоксиди и останатите простории од лабараторијата, поставување на нова хидрантска мрежа на базно, поставување филтри на силосите за цемент, портирницата и други помали инвестиции во АДИНГ АД;
- Разговорите со деловниот партнер од Иран за подмирување на нивните обврски кон АДИНГ АД;
- Инвестициите во Перник Бугарија за проширување на производниот погон;
- Обновата на возниот парк;
- Исплатата на дивидендата;
- Кадровските решенија во: БИЗНИС ЦЕНТАР-АДИНГ, АДИНГ Бугарија и во ИНВЕСТ А;
- Тргување на акциите на АДИНГ на берза;
- И други тековни работи.

Анализирајќи го работењето на АДИНГ АД и поврзаните друштва во 2016 година имајќи ги во предвид условите за стопанисување во нашата држава а и во другите држави, особено потешкотиите околу ликвидноста во тековното работење, Надзорниот Одбор работењето во 2016 година го оцени како многу успешно.

Во 2016 година во АДИНГ АД остварени се следните резултати:

- Вкупната продажба на готови производи на домашен и странски пазар изнесува 5.849.695 евра. (+336.631 евра од останати приходи, или вкупно 6.186.326 евра). Реализацијата од готови производи беше 124% од планираната, а 107% во однос на 2015 година.
- Вкупното производство во натурални податоци изнесува 6.418 тони и е поголемо за 16,7% во споредба со 2015 година, а во финансиски показатели по материјални цени изнесува 3.237.409 евра и е поголема за 17,8% во споредба со 2015 година.
- Остварените трошоци изнесуваат 5.802.516 евра и се за 5% поголеми во однос на реалните трошоци према остварувањето на планот за 2016 година.

Во 2016 година резултатите од финансиското работење во АДИНГ АД се следните:

- Приходите од деловното работење изнесуваат 6.186.326 евра.
- Добивката по оданочување изнесува 269.072 евра што претставува 4,35% од вкупните деловни приходи.

Во поглед на другите активности во АДИНГ АД може да се наведе и следното:

- Одржувањето на системот за менаџмент со квалитет и системот за животна средина.
- Разговорите со странска фирма за деловна соработка.
- И други активности.

Инвестициите во АДИНГ АД во 2016 година изнесуваа вкупно 12.112.688 денари.

Надзорниот Одбор и во текот на 2017 година продолжи да го следи работењето на АДИНГ АД и поврзаните друштва преку разгледување на материјалите добиени од Управниот Одбор.

Претседател на Надзорен Одбор
Мојсовски Благоја

Април 2017 година
Скопје

Зам. Претс. на Надзорен Одбор
Белев Александар

Член на Надзорен Одбор
Петревска Александра

Незав. член на Надзорен Одбор
Ќупев Иванка